Врз основа на член 27 став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/08), членот 2 се менува и гласи:

“(1) Образецот на Известувањето, кој е составен од два дела, ги содржи податоците во смисла на член 27 став 2 од Законот за заштита на личните податоци и тоа:

1. Податоци за контролорот

1.1 Правно лице, орган на државната власт или друго тело

- Назив и седиште на контролорот - правно лице, орган на државната власт или друго тело;
- Даночен број;
- Жиро сметка;
- Депонент банка;
- Организациска форма;
- Контакт телефон;

- Електронска пошта;
- Факс;
- Веб страница;
- Име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци;
- Контакт телефон на офицерот на заштита на личните податоци;
- Електронска пошта на офицерот за заштита на личните податоци;
- Работно место на офицерот за заштита на личните податоци;
- Назив/Име на претставникот доколку го има;
- Седиште/ Адреса на живеење на претставникот.

1.2. Физичко лице

- Име и презиме;
- Место и адреса на живеење;
- Податоци за вработување (занимање или функција што ја врши);
- Датум на раѓање;
- Место на раѓање;
- Државјанство.

2. Назив на збирката на лични податоци;
3. Цел или цели на обработката;
4. Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци;
5. Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив;
6. Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци;
7. Рок на чување на личните податоци;
8. Пренос на личните податоци во други држави;

9. Општ опис со кој ќе се овозможи првична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка.

(2) Образецот на Известувањето од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник.“

Член 2

Во членот 5 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) По регистрацијата, контролорот во системот на Централниот регистар ги внесува следните податоци, и тоа особено:

- правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци: назив и седиште на контролорот - правно лице, орган на државна власт или друго тело; контакт телефон; електронска пошта; факс; веб страница; даночен број; жиро сметка; депонент банка; организациска форма; име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци; контакт телефон на офицерот на заштита на личните податоци; електронска пошта на офицерот за заштита на личните податоци и работно место на офицерот за заштита на личните податоци; назив, односно име на претставникот доколку го има и седиште, односно адреса на живеење на претставникот и

- физичко лице: име и презиме; место и адреса на живеење; податоци за вработување (занимање или функција што ја врши); датум на раѓање; место на раѓање и државјанство.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Директор,

Димитар Ѓеорѓиевски

Образец

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), ___
_____________________________________________________________________________
_______,
назив на контролорот

Ви го доставувам следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Податоци за контролорот - правно лице, орган на државната власт или друго тело | |
| 1.1 | Назив | |
| 1.2 | Седиште | |
| 1.3 | Даночен број | |
| 1.4 | Жиро сметка | |
| 1.5 | Депонент банка | |
| 1.6 | Организациска форма | |
| 1.7 | Контакт телефон | |
| 1.8 | Електронска пошта | |
| 1.9 | Факс | |
| 1.10 | Веб страница | |
| **2.** | Офицер за заштита на личните податоци | |
| 2.1 | Име и презиме | |
| 2.2 | Контакт телефон | |
| 2.3 | Електронска пошта | |
| 2.4 | Работно место | |
| **3.** | Претставник (доколку го има) | |
| 3.1 | Назив/Име | |
| 3.2 | Седиште/ Адреса на живеење | |
| **4.** | Назив на збирката на лични податоци | |
| **5.** | Цел или цели на обработката | |
| **6.** | Правна основа за воспоставување | |

| | | |
|---|---|---|
| | збирка на лични податоци | |
| 7. | Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив | |
| 8. | Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци | |
| 9. | Рок на чување на личните податоци | |
| 10. | Пренос на личните податоци во други држави | |
| 11. | Општ опис со кој ќе се овозможи првична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка | |

____________________, _________________, 20_____ година

(место) (датум)

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), ___

________________________________________________________________________,

име и презиме на контролорот

Ви го доставувам следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Податоци за контролорот - Физичко лице | |
| 1.1 | Име и презиме | |
| 1.2 | Место и адреса на живеење | |
| 1.3 | Податоци за вработување (занимање или функција што ја врши) | |
| 1.4 | Датум на раѓање | |
| 1.5 | Место на раѓање | |
| 1.6 | Државјанство | |
| **2.** | Назив на збирката на лични податоци | |
| **3.** | Цел или цели на обработката | |
| **4.** | Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци | |
| **5.** | Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив | |
| **6.** | Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци | |
| **7.** | Рок на чување на личните податоци | |
| **8.** | Пренос на личните податоци во други држави | |
| **9.** | Општ опис со кој ќе се овозможи прврична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка | |

____________________, _________________, 20_____ година

(место) (датум)